Врз основа на член 12 став 3 од Законот за музеите (Службен весник на РМ бр. 66/04, 89/08,116/10 и 51/11) и член 19 од Статутот на музејот, Управниот Одбор на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка на седницата одржана на 14.11.2014 ја разгледа и предложи на усвојување на Советот на општина Крива Паланка

**Годишната Програма**

**За работа на ЛУ „Градски музеј " – Кр.Паланка за 2015 г.**

## Темелни принципи

Тргнувајќи од децентрализираниот модел на управување и финансирање на културата и културното наследство како и од стремежите за воспоставување на европски принципи на работа и развој, Л.У Градски Музеј изработи програма за работа на установата која што ги утврдува целите, приоритетите, активностите и финансиските средства со кои што ќе се одвива дејноста во следната 2015 год.

## Цели

Програмата за развој на музејската дејност ги утврдува следните цели за развој на дејноста кои што произлегуваат од базичните принципи на заштита и искористување на културно – историското наследство со примена на современа методологија на културниот менаџмент:

- Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион.
- Потикнување на меѓу-институционална соработка на локално ниво и интердисциплинарен пристап.
- Институционална надградба на установите задолжени за културата и културното наследство.
- Подобрување на менаџментот во културата и културното наследство.
- Искористување на културата и културното наследство како ресурс за економски развој.

## Приоритети

Имајќи ги предвид зацртаните цели и инструментите за нивно достигнување во програмата за развој на музејската дејност се истакнуваат приоритетите кои што локалната заедница треба да ги имплементира во развојот на музејската дејност. При тоа во програмата се определуваат следните приоритети за развој на музејската дејност:

- Собирање, истражување, конзервација и презентација на етнолошкото духовно и материјално наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на археолошкото наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на историското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на архитектонското – градителското наследство на кривопаланечкиот регион.
- Собирање, истражување, конзервација и презентација на црковно-историското и уметничко наследство на кривопаланечкиот регион.

## Вовед

Градскиот Музеј во Крива Паланка е формиран како Локална Установа од Областа на Културата. По својата форма тој прстаува Општ Музеј кој што ги обединува сите музеолошки дисциплини во себе: ***археолошката, етнолошката и историската.*** Покрај ова Л.У „Градски Музеј" – Крива Паланка е институционалниот носител на целокупната музејска дејност во општинат и има обврска во период на програмта да ја врши и доразвива музејската дејност во соработка со општина Крива Паланка, Н.У Центар за култура – Крива Паланка, манастирот Св. Јоаким Осоговски и останатите организации кои што имаат допирни точки со заштита на културата и културното наследство.

Во исполнување на Годишната програма за работа Л.У Градски Музеј ќе ги следи стратешките принципи кои проилзегуваат од Програмата за развој на музејската дејност во општина Крива Паланка за периодот 2010 - 2014. и тоа:

- Развој на музејската дејност преку имплементација на инвестициски и институционални активности.
- Донесување и имплементација на потребните нормативно – правни акти и одлуки во функција на двата типа на активности.
- Локација на средства за финансирање на активностите.

## Ресурси

- технолошки ресурси

Л.У Градски музеј својата дејност ја одвива во зградата на музејот, т.е поранешниот Дом на АРМ или уште по поранешниот Официрски Дом. Условите за работа во установата се модерни, технолошки современи и удобни. На располагање на вработените, лицата ангажирани по договор за привремени вработувања и волонтерите во установата се три модерно опремени канцеларии, библиотека, депо-а за предмети, продавница за сувенири и три изложбени сали за постојаната етнолошка, постојаната историска и постојаната археолошка поставка опремени со современа опрема за заштита според музеолошките стандарди.

- човечки ресурси

Во моментот установата има едно лице постојано вработено, две лица со договор за привремено вработување и тројца волонтери.

## Активности

Во следната година установата во програмата планира да реализира повеќе активности од својата основна дејност, како и проектни активности кои произлегуваат од Програмата за развој на музејската дејност во општина Крива Паланка за периодот 2010 - 2014 година. И оваа година активностите и во основната дејност и во проектната дејност на музејот ќе се базираат на максимата која произлегува од споменатата програма, која гласи:

- Развој на музејската дејност преку имплементација на инвестициски и институционални активности.

Л.У Градски Музеј – Крива Паланка својата основна дејност ќе ја извршува во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси и персонал како и инволвирани партнери:

| **Активности од основната дејност:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Опис | Вклучен персонал | Партнери | Потребни средства |
| | **Институционални** | | | |
| 1. | Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион. | Сите вработени | / | Средствата за основна дејност во буџет на општина |
| 2. | Изработка на Елаборат за валоризација на Историската збирка | 1 кустос / етнолог | Н.У Музеј на Македонија | 30.000 ден |
| 3. | Регистрација и документација на основниот музејски материјал од етнолошката збирка | 1 кустос / етнолог и 1 фотограф | Н.У Музеј на Македонија | 5.000 ден |
| 4. | Изработка на основни документациски картони за основниот музејски материјал од етнолошката збирка | 1 кустос / етнолог и 1 фотограф | Н.У Музеј на Македонија | 5.000 ден |
| 5. | Стимулирање на локалното произв. на сувенири и збогатување на асортиманот на музејската продавница | / | Локално производители и фирми | 40.000 ден |
| 6. | Откуп на етнолошки предмети за збогатување на етнолошката збирка | 1 кустос / етнолог | Локално граѓанство | 60.000 ден |
| 7. | Откуп на археолошки предмети за збогатување на археолошката збирка | 1 кустос / археолог | Локално граѓанство | 60.000 ден |
| 8. | Откуп на историски предмети за збогатување на историската збирка | 1 кустос / историчар | Локално граѓанство | 60.000 ден |
| 9. | Организирање и реализирање на празнични одбележувања и работилници во музејот | 1 кусто / етнолог | Логални граѓански групи | 45.000 ден |
| 10 | Организирање и реализирање на повремени / тековни изложби и настани | Сите вработени | Различни | 150.000 ден |
| 11 | Организирање на работилница и реализирање на манифестацијата „Велигденска традиција“ | Сите Вработени | Различни | 30.000 ден |
| 12 | Организација и спроведување на групни туристични посети во музејот | Директор на установата | Туристички агенции и организации | / |
| 13 | **The application for ZIVA AWARD FOR CULTURAL SLAVIC HERITAGE 2014 in two categories:<br>1 Category 1: Award of the best project of cultural heritage among the Slavic countries<br>2 Category Award for best museum** | Директор на установата | | |
| | **Инвестициски** | | | |
| 1 | Изработка на технички проект за инсталација на постојана етнолошка поставка за руралниот селскиот начин на живот со енетериерни амбиенти | | Подизведувач избран преку јавна набавка | 30.000 ден |
| 2. | Изработка на технички проект за инсталација на реконцпирана постојана | / | Подизведувач избран преку | 30.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | историска поставка | | јавна набавка | |

Општина Крива Паланка во рамките на својот регион има особен успех во подготовка и имплементација на проекти за прекугранична соработка кои што се финансирани од Европската Унија.

Л.У Градски Музеј во последниот квартал на 2015 година година изработи неколку проектни апликации за проекти кои ќе бидат изведувани во 2015година. Истите се опфатени во оваа програма, и доколку добијат финансирање нивните активности ќе бидат имплементирани согласно предвидената динамика во проектните фишеа.

Л.У Градски Музеј – Крива Паланка својата проектна дејност ќе ја извршува во рамките на подолу опишаните и определени активности, вклучени ресурси и персонал како и инволвирани партнери

| **Активности од проектни дејности:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Опис | Вклучен персонал | Партнери | Потребни средства |
| | **Институционални** | | | |
| 1. | Откуп на етнолошки и историски предмети | 1 стручни лице етнолог | Локално население | 185 000 ден |
| 2. | Свадбени обичаи во Шопско етнографската целина –пределот Дурачка река | 3 стручни лица етнолози,фотограф и сниматeл | Општина Крива Паланка Месна заедница КУД „Фолклористи“ | 95.000 ден |
| 3. | Традиционално китење и забрадување на жените во Кривопаланечко | 2 стручно лице – етнолог , фотограф | Општина Крива Паланка Месна заедница | 120.000 ден |
| 4. | Градителско наследство – традиционална градска и селска архитектура | 3 лица етнолог дизајнер и архитект | Општина Крива Паланка | 180.000 ден |
| 5. | Снимање на два документарни етно-историски филмови од областа на кривопаланечкото културно-историско наследство<br>-Просветното дело во Крива Паланка<br>-Кривопаланечкиот симит-традицуја и занает кој изумира | 4 лица етнолог, историчар,фотограф, сниматeл | Општина Крива Паланка<br><br>Локално население | 150.000 ден |
| 6. | Рекогносцирање на доцноантичките утврдувања во Кривопаланечко | 3 стручни лица археол. со екипа | Општина Крива Паланка | 172.000 ден |
| 7. | | 3 стручни лица | Општина | 470.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | „Долината на Крива Река во епохата на металите“ | археол. со екипа | Крива Паланка | |
| 8 | „Заштитни археол. Ископувања на локалитет Мал Камлеш – Некропола„ | 3 стручни лица археол. со екипа | Општина Крива Паланка | 552.000 ден |
| 9 | Изработка на посебен проект од областа на заштитата на движното културно наследство и негова реализација-„ Заштита и конзервазија на археолошката збирка во ЛУ Градски - Музеј Крива Паланка | 3 стручни лица археол. со екипа | Општина Крива Паланка | 247.800 ден |
| 10 | Заштитни археолошки ископувања на локалитет „Градиште“ с. Градец | 3 стручни лица археол. со екипа | Општина Крива Паланка | 435.000 |
| 11 | Дополнување на библиотечен материјал | 1 стручно лице историја со архивистика | / | 20.000 |
| 12 | Документација на библиотечен материјал на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка | 2 стручни лица етнолог , историја со архивистика | / | 66.000 |
| 13 | Младите ликовни уметности од Крива Паланка | 1 стручно лице историја на уметност | Ликовните уметници од Крива Паланка | 67.000 |
| 14 | По патот водата – превземање на патувачка изложба од Национална Галерија на Македонија | 1 стручно лице историја на уметност | Национална Галерија на Македонија | 67.000 |
| 15 | Роберт Цветковски - 25 години творештво-изложби,перфоманси, интервенции во простор и монографија | 1 стручно лице историја на уметност | Роберт Цветковски | 231.000 |
| 16 | Самостојна изложба на Димитар Стојчевски | 1 стручно лице историја на уметност | Димитар Стојчевски | 64.000 |
| 17 | Великаните на македонската уметност од 20 век-Превземање на изложба од НУ Музеј Куманово | 1 стручно лице историја на уметност | НУ Музеј Куманово | 67.000 |
| 18 | Музички фестивал „Џој Фест“ Крива Паланка | Лица ангажирани во реализацијата на манифестацијата | Општина Крива Паланка | 800.000 |
| | **Инвестициски** | | | |
| 1. | Изработка на сообраќаен елаборат за поставување на знаци за одбележување на ЛУ Градски музеј | | Избран подизведувач со јавна набавка | 15.000 ден |

# Динамика на активностите

ЛУ Градски музеј ја определи следната динамика на имплементација на програмата за работа за 2015 согланос планираните активности во извршување на својата основна дејност и проектната дејност:

| **Активности од основната дејност:** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | | | **II** | | | **III** | | | **IV** | | |
| | Опис | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| | **Институционални** | | | | | | | | | | | | |
| 1. | Заштита, валоризација и презентација на културно – историското наследство на Кривопаланечкиот регион. | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Изработка на Елаборат за валоризација на Историската збирка | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Регистрација и документација на основниот музејски материјал од етнолошката збирка | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Изработка на основни документациски картони за основниот музејски материјал од етнолошката збирка | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Стимулирање на локалното произв. на сувенири и збогатување на асортиманот на музејската продавница | | | | | | | | | | | | |
| 6. | Откуп на етнолошки предмети за збогатување на етнолошката збирка | | | | | | | | | | | | |
| 7. | Откуп на археолошки предмети за збогатување на археолошката збирка | | | | | | | | | | | | |
| 8. | Откуп на историски предмети за збогатување на историската збирка | | | | | | | | | | | | |
| 9. | Организирање и реализирање на празнични одбележувања и работилници во музејот | | | | | | | | | | | | |
| 10 | Организирање и реализирање на повремени / тековни изложби и настани | | | | | | | | | | | | |
| 11 | Организирање на работилница и реализирање на манифестацијата „Велигденска традиција“ | | | | | | | | | | | | |
| 12 | Организација и спроведување на групни туристични посети во музејот | | | | | | | | | | | | |
| | **Инвестициски** | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Изработка на технички проект за инсталација на постојана етнолошка поставка за руралниот селскиот начин на живот со енетериерни амбиенти | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Изработка на технички проект за инсталација на реконцпирана постојана историска поставка | | | | | | | | | | | | |

| **Активности од проектни дејности:** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **I** | | | **II** | | | **III** | | | **IV** | | |
| | Опис | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** |
| | **Институционални** | | | | | | | | | | | | |
| 1. | Откуп на етнолошки и историски предмети | | | | | | | | | | | | |
| 2. | Свадбени обичаи во Шопско етнографската целина –пределот | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Дурачка река | | | | | | | | | | | | |
| 3. | Традиционално китење и забрадување на жените во Кривопаланечко | | | | | | | | | | | | |
| 4. | Градителско наследство – традиционална градска и селска архитектура | | | | | | | | | | | | |
| 5. | Снимање на два документарни етно-историски филмови од областа на кривопаланечкото културно-историско наследство<br>-Просветното дело во Крива Паланка<br>-Кривопаланечкиот симит-традицуја и занает кој изумира | | | | | | | | | | | | |
| 6. | Рекогносцирање на доцноантичките утврдувања во Кривопаланечко | | | | | | | | | | | | |
| 7. | „Долината на Крива Река во епохата на металите“ | | | | | | | | | | | | |
| 8 | „Заштитни археол. Ископувања на локалитет Мал Камлеш – Некропола„ | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Изработка на посебен проект од областа на заштитата на движното културно наследство и негова реализација-„ Заштита и конзервазија на археолошката збирка во ЛУ Градски - Музеј Крива Паланка | | | | | | | | | | | | |
| 10 | Заштитни археолошки ископувања на локалитет „Градиште“ с. Градец | | | | | | | | | | | | |
| 11 | Дополнување на библиотечен материјал | | | | | | | | | | | | |
| 12 | Документација на библиотечен материјал на ЛУ Градски Музеј – Крива Паланка | | | | | | | | | | | | |
| 13 | Младите ликовни уметности од Крива Паланка | | | | | | | | | | | | |
| 14 | По патот водата – превземање на патувачка изложба од Национална Галерија на Македонија | | | | | | | | | | | | |
| 15 | Роберт Цветковски - 25 години творештво-изложби,перфоманси, интервенции во простор и монографија | | | | | | | | | | | | |
| 16 | Самостојна изложба на Димитар Стојчевски | | | | | | | | | | | | |
| 17 | Великаните на македонската уметност од 20 век-Превземање на изложба од НУ Музеј Куманово | | | | | | | | | | | | |
| 18 | Музички фестивал „Џој Фест“ Крива Паланка | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на сообраќаен елаборат за поставување на знаци за одбележување на ЛУ Градски музеј | | | | | | | | | | | | |

## **Финансирање**

Согласно законските решенија и актите на Советот на општина Крива Паланка активностите за одвивање на основната дејност на Л.У Градски Музеј ќе бидат финансирани од буџетот на општина Крива Паланка од програмата *К3 – Музејска и кинотечна дејност*. Дополнитетлно, некои од активностите од основната дејност како што се регистрација и документација на основниот музејски материјал, теренски истражувања, стручни и научни истражување ќе бидат финансирани комбинирано и од буџетот на општина Крива Паланка од буџетот на Р. Македонија во рамките на Годишните програми.

За остварување на активностите од проектни дејности финансиските средства Л.У Градски Музеј – Крива Паланка ќе ги обезбедува од Министерството за култура за финансирање на проекти од национален интерес меѓународни фондации и исntитуциии, ИПА – исntрументот за претпристапна помош и амбасади на странски држави во Р. Македонија, преку активно и динамично подготвување на проектни апликации и поднесување на проектни идеи.

Преглед:

<table>
<tr><th>Локација на средства</th><th>Партнери</th><th>Бенефициенти</th></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од основна дејност:</td><td rowspan="8">Локална заедница<br>Локална самоуправа<br>Посетители<br>Туристи</td></tr>
<tr><td>Буџет на општина Крива Паланка</td><td>Општина Крива Паланка</td></tr>
<tr><td>Буџет на РМ</td><td>Министерство за култура на РМ</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активности од проектна дејност:</td></tr>
<tr><td>Меѓународни фондации и инситуции</td><td>Програма: Еурокулт<br>Швајцарска програма за култура<br>Билатерални програми со други држави</td></tr>
<tr><td>ИПА – Инструмент за претпристапна помош</td><td>ИПА Прекугранична програма<br>ИПА – компоненти 1, 2 и 4</td></tr>
<tr><td>Амбасади на странски држави</td><td>Амбасада на кралство Норвешка<br>Амбасада на Холандија</td></tr>
</table>

## **Завршни одредби**

Предложената програма за работа на Л.У Градски Музеј – Крива Паланка е проекрирана за периодот од 01 Јануари 2015 до 31 Декември 2015. Во програмата се опишани институционалната и инвестиционата компонента во исполнување на активностите за остварување на основната и проектната дејност на установата.

Очекуваните резулатати и придобивки од програмата се: видлив ефект и придонес кон напорите за институционализација на установата; сопствено промовирање и профилирање; заштитено културно – историско наследство; успешна имплементација на проектните активности; подготовка и промоција на што повеќе финални продукти и резултати од дејноста;

**Претседател на УО:**
**Александар Мацовски**

_______________